## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СЀ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

### Работно место: Водечки специјалист за плати и бенефиции
### Оддел: Човечки ресурси

Доколку сакате да бидете дел од тимот на **Човечки ресурси** во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

### Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование.
- Имате најмалку 5 години работно искуство во областа на управувањето со плати и надоместоци и со програмите за бенефиции.
- Имате работно искуство со аналитика, известување и со следење трендови за надоместоци, плати и бенефиции, како и искуство со изработка на *forecasting*-анализи и примена на современи модели за предвидување, со цел поддршка на планирањето на човечките ресурси и на донесувањето стратешки одлуки.
- Имате искуство со воведување и со оптимизирање на дигиталните алатки за плати и надоместоци и за HRIS-системи со цел подобрување на ефикасноста и на известувањето.
- Искуство во интернационални компании и работа со процеси за човечки ресурси на странски пазари ќе се смета за значителна предност.
- Манифестирате голема проактивност, самоиницијативност и агилност.
- Имате способност за стратешко и критичко размислување, за аналитички пристап во работењето и за решавање проблеми.
- Имате развиени комуникациски и преговарачки вештини и способност за тимска работа.
- Одлично го познавате англискиот јазик.

### Цели и одговорности на работното место

- Развивање и воведување стратегија за плати и бенефиции по пазари, со цел обезбедување конкурентност на пазарот, внатрешна стандардизација и усогласеност со локалните регулативи.
- Спроведување анализи на локалниот и на интернационалниот пазар на трудот и изработка на *benchmarking*-извештаи, со цел усогласување на платите и бенефициите со индустриските стандарди и со стратешките цели на компанијата.
- Креирање програми за награди, засновани на перформансите, а во согласност со бизнис-целите.
- Оптимизација и управување со програмите за бенефиции и обезбедување нивна усогласеност со локалната регулатива.
- Подготовка на аналитика за следење на трендовите за надоместоци, плати и за искористеност и ефикасност на програмите за бенефиции и предлагање подобрувања, со цел зголемување на мотивацијата и задржување на вработените.
- Иницирање и активно учество во воведувањето и во оптимизирањето на дигиталните алатки и на HRIS-системите, со цел подобрување на ефикасноста и известувањето.
- Интерна комуникација и соработка со релевантните оддели и подружници на компанијата.

### Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели
- Приватно здравствено осигурување
- Бенефиции за вработените и за децата на вработените

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниов линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/86

*„Алкалоид“ АД Скопје застапува политика за недискриминација по ниту една основа и во согласност со своите клучни вредности ја промовира различноста во процесот на регрутација и на селекција.*

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
*Здравјето пред сè*